**16.6.2022**

**.**



.

**- 26. РЕГИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ОД 3. РЕГИОН, НА КОИ ОВАА ГОДИНА ПО ТРЕТ ПАТ ДОМАЌИН БЕШЕ ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ, ДЕМИР ХИСАР**

Под покровителство на Сојузот на Здруженија на пензионери на Македонија, а со поддршка на градоначалникот на Општина Демир Хисар, се одржа спортска манифестација - пензионерски спортски настан, на спортското игралиште при ООУ „Гоце Делчев“, Демир Хисар, а по повод спортот и физичката активност, како еден од

најважните столбови кои го одржува физичкото и психичкото здравје на сите, а особено на луѓето од третата доба.

.



. Свечениот чин за отворање на натпреварите во повеќе спортски категории, официјално започна со пригодното обраќање на градоначалникот на Општина Демир Хисар, Никола Најдовски, кој, им посака на сите топло и срдечно добредојде во Демир Хисар ѝ им посака многу среќа и успеси во игрите, а, исто така, упати и благодарност до Здружението на пензионери, Демир Хисар, што се домаќини на пензионерските регионални спортски натпревари од 3. регион и ја афирмираат континуирано општината. - Спортот е превенција за здравјето и овозможува социјална интеграција, другарување и заедништво. И не случајно, во рамките на Општина Демир Хисар, активностите на Демирхисарското Здружение на пензионери имаат приоритетно значење. Задоволство ми е да се дружам со луѓе за кои годините не се изговор, туку, мотив и импулс плус за повеќе негување на спортскиот дух. Нека победат најдобрите и најподготвените, но, се разбира и, оние кои ќе имаат најмногу среќа. Ви посакувам добро здравје, долг живот и да се видиме во некоја наредна прилика, истакна Најдовски. .




ДИПЛОМА